# Од ризницата на Уметничка галерија Скопје

1948 - 1998



УМЕТНИЧКА
ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ
50 години

УМЕТНИЧКА
ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ
50 ГОДИНИ

# Од ризницата на Уметничка галерија Скопје

## 1948 - 1998

ноември - декември
1998

Јубилејот 50 години на Уметничката галерија воедно е и одбележување на почетоците на Современата Македонска ликовна уметност, така што и растежот на Уметничката галерија е поврзан со настаните во современата ликовна историја на Република Македонија.

Потребата за постоење на Национална ликовна институција датира од првите повоени години, кога се настојуваше да се надополни се она што македонскиот народ, поради историските околности не беше во состојба да го оствари во минатото

Иницијатива за формирање на Уметничка галерија дадоа основоположниците на современата македонска ликовна уметност: Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Димче Коцо, Димо Тодоровски и другите членови на ДЛУМ од тоа време. Со одлука на тогашното Министерство за просвета и Владата на Народна Република Македонија во 1948 година, се започна со подготовки за формирање на Уметничката галерија, како дел од националната програма за востановување на целокупниот општествен, образовен и културен живот во новоформираната држава.

За прв раководител и организатор на идната национална Уметничка галерија, беше именуван акад.сликар Борко Лазески, кој што беше вратен од студијскиот престој во Париз. За изложбен простор беше до одреден Даут пашиниот амам, споменик на културата од профаната исламска архитектура од крајот на XV век. За оспособување на руинираниот амам, во изложбен простор, беа извршени обемни конзерваторски и реставраторски работи. Покасно, во 1980-1981 година беше направена нова адаптација на изложбениот простор чии изглед го има и денес, на овој 50 годишен јубилеј.

Првата програмска задача на новоформираната Национална ликовна институција, беше да го евидентира, собере и прикаже националното културно наследство, а воедно да го следи, откупува и изложува тековното ликовно творештво. Програмската задача започна да се остварува со преземањето на делата од одделението за

*The 50th jubilee of the Art Gallery marks the beginnings of Macedonian modern visual art, while the development of the Art Gallery itself is connected with the events of the modern art history of the Republic of Macedonia.*

*The need for a national art institution dates to the first postwar years when we endeavored to fill in everything that the Macedonian people, because of historic circumstances, were not in condition to accomplish in the past.*

*The initiative for the formation of the Art Gallery was suggested by the architects of modern art in Macedonia: Lazar Lichenoski, Nikola Martinoski, Dimche Koco, Dimo Todorovski and other members of DLUM (Visual Arts Society of Macedonia) of the time. In 1948, with the resolution of the Ministry of Education of the time and the Government of the Peoples Republic of Macedonia, plans were set in motion for the formation of the Art Gallery, as part of the national program for establishing the overall social, educational and cultural life in the newly formed state.*

*Borko Lazeski, academic artist who had just come back after studying in Paris, was appointed as organizer and manager of the future National Art Gallery. As for the exhibition location, it was decided upon Daut Pasha's Amam, a cultural monument of the profane Islamic architecture from the end of the 15th century. In order to readapt the ruined Amam into an exhibition hall, a lot of restoration and conservation had to be done. Later, in 1980 and 1981 a new adaptation had been made to the exhibition hall and it has that very same appearance today on its 50th jubilee.*

*The first program task of the newly formed National Art Institution was to register, collect and exhibit the national cultural heritage and to trace, purchase and exhibit contemporary artwork. The*

ликовна уметност од веќе постоечкиот Народен музеј, кој имаше континуитет од предвоена Југославија. Потоа беа собрани ремек делата од средновековната уметност: икони, копии на фрески, резба и макети на манастири.

По извршената музеолошка евиденција и обработка на овој фонд, се пристапи кон откуп на дела од современото македонско ликовно творештво и на тој начин Уметничката галерија ја создаде највредната и најбогата национална збирка од првата генерација ликовни уметници-основоположниците на современата ликовна уметност.

Во тој период истовремено беше направен и откуп на дела од словенечки, хрватски, српски, црногорски, босански и херцеговачки автори, кои претставуваат драгоцено богаство на оваа институција.

Како резултат на веќе собраните експонати во периодот 1948-1951 година на 2 август 1951 година, беше промовирана и отворена Националната Уметничка галерија, а за нејзин директор беше именуван акад. сликар Никола Мартиноски. Во време на презентирањето на првата национална збирка и покрај скромните материјални можности и недоволно развиеното стопанство, постоеше висок степен на чувство за негување на културното наследство, за стимулирање и презентирање на современото тековно ликовно творештво.

Но по скопскиот земјотрес 1963 година опаѓа интересот на градот Скопје и Републиката, за збогатување на Националната Галериска збирка со дела од македонските уметници. Во времето на самоуправниот период во Македонија откупот и презентацијата на ликовното творештво добива облик на социјала. Во тој период наметнатата желба за "демократичност" направи квалитетот да се етикира со "елитизам". Тоа допринесе целосно напуштање на предхотно зацртаниот национален концепт за предност на квалитетот и се пристапи кон задоволување на потребите кои произлегуваа од просечното.

Во последниве години нешто слично се случува кога "алтернативата" е таа што врши нов атак врз квалитетот прикривајќи го сопствениот неквалитет под превезот на "авангарда".

Овие појави неизбежно се одразија и во програмската дејност на Уметничката галерија. Причините, за напуштањето на основната концепција не произлегуваа од определбата на стручниот тим на Галеријата, туку тоа стана одраз од

*program task began to actualize with the taking over of works of art from the art department of the existing National Museum, which worked continually from the days of pre-war Yugoslavia. After that they collected the masterpieces of the Middle Ages: icons, copies of frescos, woodcuts and models of monasteries.*

*After the museological registry had been performed and the processing of the funds, they began purchasing Macedonian contemporary works of art, by which the Art Gallery produced the most valuable and the richest national collection of art from the first generation fundamental artists of contemporary art.*

*In that period, at the same time, they also purchased works of art from Slovenian, Croatian, Serbian, Bosnian and Hercegovinian artists, which represent a valuable treasure for this institution.*

*As a result, the collected works of art in the period from 1948 to 1951 led to the promotion and opening of the National Art Gallery on the 2 August 1951, and the academic painter Nikola Martinoski was appointed as its manager. During the period of the presentation of the first national collection, in spite of the meager financial means and the underdeveloped economy, there was still a lot of feeling towards the preservation of the cultural heritage, as well as encouraging and presenting contemporary works of art.*

*However, after the earthquake in Skopje in 1963, Skopje and the whole republic seemed to lose interest in enriching the National Gallery collection with works of art from Macedonian artists. During the self-governing period in Macedonia, the purchasing and presenting of works of art developed into something in the form of a social standing. In that period, the imposed desire for a kind of democratization labeled the quality as "elitism". That contributed to the complete abandoning of the previously settled national concept for the predominance of quality, which was replaced by satisfying the needs that arrived from the average.*

*In the last few years something similar is*

насоките и критериумите во финансирањето на институциите од областа на културата.

Во сите овие случувања Уметничката галерија продоложи да ја врши својата основна дејност на проследувач и презентер, на современите струења во македонскиот ликовен живот. Воедно, се воспоставени и врски со сродни институции во странство, преку кои Уметничката галерија го шири интересот за македонската ликовна уметност, а во исто време го презентира ликовното остварување на тие земји. Сето ова направи, и покрај тешкотиите со кои се соочува Уметничката галерија на својот 50 годишен јубилеј, да се сочува традицијата за квалитет, востановена во далечните години на нејзиното формирање.

Затоа, овој јубилеј и не е само формално одбележување, туку тој е во исто време и потсетување на вложените пет децениски напори, од минатото и сегашното, да небидат загубени и заборавени.

И она што во далечната 1948 година беше востановено, да не биде избришано дека оваа Галерија е симболот на нашата национална ликовна култура и не само тоа, туку и место од кое и во иднина ќе зрачат делата на уметниците на Македонија и делата на другите уметници, од другите земји. Врските да продолжат да живеат, зашто нашата традиција ги почитувала сите доблести на својот и на другите народи.

Прославувајќи го овој значаен јубилеј Уметничката галерија со она дамнешно разбирање кое што и ја востанови, смета на сегашното и идното разбирање, за да не биде овој јубилеј ставање точка, но да биде продолжување на желбите на нашите претци и на нашите настојувања и творечки соочувања.

Драган Бошнакоски, директор

*happening when the "alternative art" performs yet another attack against the quality, while hiding its own non-quality under the veil of "avant-garde".*

*These occurrences also unavoidably affected the program work of the Art Gallery. The reasons for abandoning the basic concept do not derive from the conviction of the expert team of the Gallery, but rather from the affect of the courses and the criteria for financing institutions in the field of culture.*

*In spite of all these events, the Art Gallery continued with its basic occupation of tracing and presenting contemporary courses of Macedonian art. The Art Gallery has established connections with related institutions abroad, through which it expands the interest for Macedonian art, while at the same time it presents works of art from those countries. All this has made the Art Gallery, in spite of the difficulties with which it is faced on its 50th jubilee, to preserve the tradition for quality, which was established in the distant past of its formation.*

*That's why this jubilee is not just a formal marking, but rather a remembrance of the efforts made in five decades, in the past and the present, so that they will not be forgotten.*

*Also, that which was established in the distant 1948, that this Art Gallery is a symbol of our national art culture, should not be erased. Not only that, but the Art Gallery is also a place from which the works of Macedonian artists, as well as artists from other countries will radiate in future. Correlation must continue, because our tradition respected all the virtues of its own and other nations.*

*In celebrating this important jubilee, the Art Gallery, with that same old understanding which established it, counts on present and future understanding, so that this jubilee will not be just something completed, but rather a continuation of our ancestors' desires, our efforts and creative conceptions.*

***Dragan Boshnakoski, manager***

*Јас сум среќен што го дочекав овој јубилеј: 50 години на Уметничката галерија.*

*Во времето кога се формираше овој наш национален храм на уметноста, нашата Република Македонија беше млада, ние бевме млади и возбудени од овој чин.*

*Јас тогаш се уште бев студент на Академијата за ликовни уметности и мојата најдлабока желба беше кога и како моите слики да се најдат тука изложени.*

*Тоа се случи, по моето завршување на Академијата, кога бев примен во ДЛУМ и заедно со Личеноски, Мартиноски, Пандилов, Коџоман, Д.Тодоровски, Б,Лазески, В.Траиковски, меѓу оваа славна прва генерација на уметници, се најдоа и моите слики.*

*Тоа беа мигови на среќа, сатисфакција и радост.*

*Што е награда за еден творец? Да го види своето дело во храмот на уметноста, во една наша Национална галерија.*

*Зашто и тогаш и сега Уметничка галерија е токму тоа место.*

*Доживувајќи ја возбудата од моето присуство на 50 годишниот јубилеј, мојата желба е, Уметничката галерија да остане и во иднина, за идните генерации, место од каде ликовните творци ќе ги покажуваат своите постигања и место во бесконечниот и неомеѓениот свет на уметноста.*

**Акад. сликар Миле Корубин**

*I'm very pleased to have lived to see this 50th jubilee of the Art Gallery.*

*In the days when this national temple of art was formed, our Republic of Macedonia was still young. We were all so young and excited by this event.*

*I was still a student at the Academy of Visual Arts and the only thing on my mind was: when and how to exhibit my works there.*

*Well, it happened after I graduated at the Academy, when I was admitted into DLUM my works were exhibited alongside those of: Lichenoski, Martinoski, Pandilov, Kodzhoman, D.Todorovski, B.Lazeski, V.Traikovski, that famous first generation of artists.*

*Those were moments of happiness, satisfaction and joy.*

*What's the reward for an artist? To see his works in the temple of art, in his own National Gallery.*

*Because, the Art Gallery was and still is the place for that.*

*Experiencing the excitement of my presence at the 50th jubilee, my wish is that the Art Gallery remain in future, for future generations, a place where artists can exhibit their achievements and a place in the endless and boundless world of art.*

**Academic artist Mile Korubin**

# Од ризницата на Уметничка галерија Скопје
## Македонска ликовна збирка

**(слики, скулптури, објекти и тапиserija)**

ОД РИЗНИЦАТА НА
УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ

## МАКЕДОНСКА ЛИКОВНА ЗБИРКА
(сликарство, скулптура и тaписерија)

Концепциската поставеност на изложбата опфаќа дела од крајот на XIX век до денес, од богатиот фонд на македонски автори, почнувајќи од зографите Ѓорѓи Зографски и Димитар Андонов Папрадишки, па сé до најмладите ликовни творци, што ќе бидат претставени во повеќе ликовни дисциплини, области и техники. Наша заложба во оваа изложба е преку направениот избор одново да ги поставиме на увид на јавноста впечатливите ликовни остварувања на автори и дела кои дале автентичен придонес и оставиле трајни белези во развивањето и пулсирањето на ликовниот живот во Галеријата и во Македонија.

Во изминатиот 50-годишен период во Галеријата беа организирани голем број разнородни ликовни активности; покрај прикажувањето на постојаната поставка беа организирани многу изложби на кои беа прикажани, обработени и истражени голем број ликовни уметници, поединечни временски периоди и ликовни дисциплини.

Од основањето до денес, со исклучок на мал прекин, во Галеријата се одржуваат традиционални годишни изложби на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, како преглед на нивното едногодишно ликовно остварување. Квалитетот на изложбите постојано осцилираше во зависност од бројот и успешноста на учесниците. Овие изложби за многумина млади уметници беа можност да го отпочнат својот јавен настап. Зголемениот број на творци доведе до извесни промени, па сообразно на тоа во 1992 година во Уметничката галерија беше промовиран "Првиот зимски салон" како нова форма на презентација која вклучува комесарско-селекторски начин на организирање. Исто така, Уметничката галерија во соработка со вајарската секција на ДЛУМ во 1980 год. ја воспостави "Ситната пластика" - традиционална изложба која на показ нуди едногодишна скулпторска продукција во минијатурни димензии. Од 1991 год. изложбата се прикажува биенално.

Изложбената дејност на Галеријата во 50-тите години беше сообразена со општествено политичките промени што се случија во Македонија. Тоа е време кога беа поставени темелите на новиот културен живот коишто овозможија автономна слобода во творењето, но и афирмација на националниот културен идентитет. Ваквата културна клима доведе и до широко отворање кон светот што резултираше со организирање на

*FROM THE TREASURY OF THE*
*ART GALLERY SKOPJE*

## *MACEDONIAN ART COLLECTION*
*(Painting, sculpture, decorative art)*

*The conceptual composition of this exhibition covers works of art from the end of the 19th century to today, from the affluent gallery assortment of Macedonian artists, beginning with the icon painters Gorgi Zografski and Dimitar Andonov Papradishki all the way to the youngest artists, presented in many art disciplines, fields and techniques. Our aim with this exhibition is, through the selection, again to show the public the impressive works of art by artists who had given an authentic contribution and left permanent marks in the development and the pulsation of artistic life in Macedonia and in the Gallery.*

*During these last 50 years there have been numerous and diverse art activities organized in the Gallery, through which many artists, separate time periods and art disciplines have been presented, elaborated and researched.*

*From the time of its formation until today, with the exception of a small pause, the Gallery had held the traditional anniversary exhibitions of the Macedonian Artists' Society, as a review of their work during that year. The quality of the exhibitions always fluctuates depending on the number and quality of participants. For many young artists these exhibitions were a means for them to make their first public appearance. The increased number of members brought about changes, which in 1992 led to the promotion of the "First Winter Salon" in the Art Gallery, as a new form of presentation, which included a commissary- selective method of organization. Also the Art Gallery in cooperation with the sculptors section of DLUM (Visual Arts Society of Macedonia) in 1980 established "The Miniature Plastic", a traditional exhibition which presents a yearly sculptural production in miniature dimensions. Since 1991 this exhibition is held biennially.*

*The exhibition work of the Gallery in the 50's was in accord with the social and political changes that occurred in Macedonia. That was a time when the foundations were formed of the new cultural life, which enabled autonomous freedom in creating artwork, but also the affirmation of the national cultural identity. This cultural climate led to opening towards the rest of the*

интересни изложби од странство: Современа француска уметност (1952), Избор на дела од холандското сликарство (1953), Хенри Мур - скулптури и цртежи (1955), Равенски мозаици - изложба на копии (1955), Американски дрворез (1956), Норвешка графика (1957), Барок во Словенија, Современа бургоњска ликовна уметност, Современа бугарска уметност (1962), Современа грчка уметност (1963) и др. Во свое време овие изложби претставуваа не само сензација, туку и настан од подлабоко културолошко значење и беа пресудни за доближувањето на македонската ликовна мисла до светската. Тие имаа и големо влијание врз ликовното оформување на младите македонски уметници. Во овој период беше реализирана и изложбата 50 години на југословенското сликарство (1950), која беше проследена од ликовната јавност со посебен интерес, затоа што Галеријата поседуваше дела на повеќето од учесниците. Потоа, следеа ретроспективните изложби на Лазар Личеноски (1954), Никола Мартиноски (1955), подоцна на Вангел Коџоман - 25 години од ликовно-педагошката дејност (1958), и Љубомир Белогаски - 25 години ликовно творештво (1963), кои овозможија поцелосна претстава за нивната значајна пионерска улога како основоположници на македонската современа уменост, но и за нивната историска мисија во развојот на македонската ликовна уметност. По нив следеа комеморативните изложби на Василие Поповиќ-Цицо (1963) и Димитар Аврамовски Пандилов (1966). Во овој период беа организирани и тематските изложби Македонски пејзаж (1960) и Македонски портрет (1962).

Понатаму во 1965 година следеа: јубилејната изложба на Мартиноски (1930-1935) и групна изложба на македонски афирмирани уметници. Во 1966 год. беа реализирани изложбите на икони на Ѓ. Андреевиќ-Кун, Александар Пријиќ, Јордан Грабулоски - значајна по претставувањето на минималистичката скулптура, како и самостојните изложби на Борислав Траиковски и Петар Мазев. Во 1967 година беше прикажана изложбата на современата уметност (меѓу двете војни), а 1968 беше реализирана комеморативно-ретроспективната изложба на Лазар Личеноски, ретроспективната изложба на Димче Коцо, потоа изложбата "Наше историско минато" и други. Во 1969 година беше прикажана комеморативната изложба на Ристо Лозаноски, изложбата "25 години АСНОМ" и други. Во годините што следеа беа организирани значајни самостојни настапи на афирмирани македонски уметници од сите генерации: Миле Корубин, Ана Темкова, Томе Андреевски, Васил Василев, Томо Владимирски, Ванчо Ѓорѓиевски и Петар Мазев (1970), Нове Франговски, Боро Митриќески, Спасе Куновски, Александар Ристески, Трајче Јанчевски и Иван Велков (1971), Здравко Блажиќ и Ѓорѓи Ачевски (јубилеј) (1972), Танас Луловски и Васко Ташковски (1973), Миле



*world, which resulted in organizing interesting foreign exhibitions: Modern French Art (1952), Selective works from Dutch painters (1953), Henry Moore - sculptures and drawings (1955), The Ravenna mosaics (exhibition of copies) (1955), American woodcuts (1956), Norwegian graphics (1957), Baroque in Slovenia, Modern Burgon Art, Modern Bulgarian Art (1962), Modern Greek Art (1963) and many more. These exhibitions didn't just represent a sensation in their time, but an event with deeper cultural meaning and were also decisive for bringing the Macedonian idea of art closer to that of the world. They had an immense influence on the artistic development of the young Macedonian artists. In that period the "50 years of Yugoslav Painting" exhibition was held (1950), which was attended by the art public with special interest, because the Gallery owned works of art by most of the participants. Then followed the retrospective exhibitions of Lazar Lichenovski (1954), Nikola Martinoski (1955), later Vangel Kodzhoman -25 Years of Art and Pedagogy (1958) and Lubomir Belogaski - 25 Years Creative Artwork, which enabled a more complete presentation of their important mission in history and their pioneer role as architects of modern Macedonian art. Then followed the commemorative exhibitions of Vasilie Popovich- Cico (1963) and Dimitar Avramovski Pandilov (1966). In this period thematic exhibitions were also organized: Macedonian land-scapes (1960) and Macedonian portraits (1962).*

*Later in 1965 followed: Martinoski's jubilee exhibition (1930-1935) and the group exhibition of Macedonian acclaimed artists. In 1966 the Gallery realized the independent exhibitions of G.Andreevich-Kun (icons), Aleksandar Prijich, Jordan Grabuloski, where his interest for the miniature sculptures come into view, Borislav Traikovski and Petar Mazev. In 1967 the exhibition Contemporary Art between the Two World Wars was held, in 1968 the commemorative-retrospective exhibition of Lazar Lichenoski, the retrospective exhibition of Dimche Koco, then the exhibition "Our Historic Past" and more. In 1969 the Gallery held the commemorative exhibition of Risto Lozanoski, the ASNOM exhibition and more. In the years that follow the Gallery realized important independent exhibitions of acclaimed Macedonian artists of all generations: Mile Korubin, Ana Temkova, Tome Andreevski, Vasil Vasilev, Tomo Vladimirski, Vancho Georgievski and Petar Mazev (1970), Nove Frangovski, Boro Mitrikeski, Spase Kunovski, Aleksandar Ristevski, Trajche Janchevski, Ivan Velkov (1971), Zdravko Blazhich and Gorgi Achevski*

Корубин и Насо Беќаровски (1974), Томислав Крмов и Борислав Траиковски (1975), Таки Павловски и Пецо Видимче (1977), Димитар Малиданов (1979) и Ана Темкова (1980). Сите овие уметници го градеа сопствениот естетски израз со различен сензибилитет и ликовни дискурси.

Осумдесеттите години во Уметничката галерија беа одбележани со динамичен ликовен живот. Карактеристични настапи оствари̇ја: Василие Поповиќ-Цицо (1981), Васко Ташковски (1982), Никола Мартиноски, Миле Корубин и групата "Денес" со тематско-студиска изложба посветена на 30-годишниот јубилеј (1983), која понуди можност да се согледа нејзиното историско значење и придонес во осовременувањето на ликовниот израз во Македонија во шеесеттите години. Следеа изложбите на Владимир Георгиевски, Душан Перчинков, Стефан Маневски, Благоја Дрнков (фотографии) и Нико Този (1994), потоа Димче Протуѓер (1986), Илија Пенушлиски, Томе Серафимовски, Глигор Чемерски, (1987), Коле Манев, Зоран Јакимовски и изложбата "Македонската ликовна уметност во Уметничката галерија Скопје 1948-1988", посветена на 40 годишниот јубилеј на Галеријата, со студија од д-р Борис Петковски, која опфати детален преглед на ликовната дејност на Галеријата (1988), Владимир Георгиевски и Благоја Николовски (1989), Борислав Траиковски (Охридско лето) (1991), Ѓорѓи Чулаковски-Ѓото и Рубенс Корубин (1992), Димитар Манев и Вело Ташовски (1993), Илија Аџиевски и Нове Франговски (1994), Студиска изложба на Ристо Калчевски 1938-1989 и Миле Корубин (1995), Медитеранскиот контекст на македонското сликарство и таписерија, која опфати 70 македонски автори (1996), Александар Ристески и Димитар Кочевски-Мичо (1997) и Глигор Чемерски, изложба посветена на 40-годишниот јубилеј на неговото ликовно творештво (1998).

Во рамките на осмата деценија беа проследени и значајни изложби на автори од тлото на СФРЈ: Милиќ Станковиќ (1981), Јоже Циуха (1987), Ото Лого, Иво Фришчиќ, Сафет Зец, Иван Рабузин и Едо Муртиќ (1988), групната изложба "Концепт во слика" (1984) и други.

Со отворањето на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1980 година се зголеми бројот на македонските уметници коишто дејствуваа паралелно со различни дискурси и медиуми. Плуралните паралелни струи ја раздвижија глобалната македонска ликовна сцена и го внесоа, како и нивните претходници на времето, духот на новите медиуми во климата на постмодернистичката ера. Уметничката галерија се вклучи во овие настани преку воспоставување на традиционалната изложба "Прва изложба на млад автор" (1988) што имаше за цел да ги регистрира творечките потенцијали на младата

*(jubilee) (1972), Tanas Lulovski and Vasko Tashkovski (1973), Mile Korubin and Naso Bekarovski (1974), Tomislav Krmov and Borislav Traikovski (1975), Taki Pavlovski and Peco Vidimche (1977), Dimitar Malidanov (1979), Ana Temkova (1980). All these artists built their individual aesthetic expression with different sensibility and artistic discourse.*

*The 80's in the Art Gallery were marked by dynamic artistic life. Characteristic exhibitions were held by: Vasilie Popovich-Cico (1981), Vasko Tashkovski (1982), Nikola Martinoski, Mile Korubin (1983). The exhibition of the "Denes" (Today) group was organized and dedicated to the 30-year jubilee (1983). The exhibition helped to visualize the group's importance and contribution in the modernization of the art expression in Macedonia in the 1960's. Then followed the exhibitions of Vladimir Georgievski, Dushan Perchinkov, Stevan Manevski, Blagoja Drnkov (photographs) and Niko Tozi (1994), then Dimche Protuger (1986), Ilija Penushliski, Tome Serafimovski, Gligor Chemerski (1987), Kole Manev, Zoran Jakimovski and the exhibition "Macedonian art in the Art Gallery -Skopje 1948-1988", dedicated to the Gallery's 40 year jubilee, with a study by Dr.Boris Petkovski, which covered a detailed review of the gallery's work (1988), Vladimir Georgievski and Blagoja Nikolovski (1989), Borislav Traikovski (Ohrid Summer Festival) (1991), Gorgi Chulakovski-Gjoto and Rubens Korubin (1992), Dimitar Manev and Velo Tashovski (1993), Ilija Adzhievski and Nove Frangovski (1994), a study exhibition by Risto Kalchevski 1938-1989, Mile Korubin (1995), the Mediterranean context of Macedonian painting and decorative art, which covered 70 Macedonian artists (1996), Aleksandar Risteski and Dimitar Kochevski-Micho (1997), Gligor Chemerski- an exhibition dedicated to the 40 year jubilee of his creative artwork (1998).*

*During the 1980's there were also some important exhibitions from SFRJ (Socialist Federal Republic of Yugoslavia): Milich-Stankovich (1981), Jozhe Ciuha (1987), Oto Logo, Ivo Frishchich, Safet Zec, Ivan Rabuzin, Edo Murtich (1988), the group exhibition "Concept in Image" (1984) and others.*

*With the opening of the Faculty of Visual Arts in Skopje in 1980, the number of Macedonian artists that worked in correlation with different discourses and mediums increased. The pluralistic parallel currents set to motion the whole Macedonian art scene and, like their forerunners in their time, they introduced the spirit of the new mediums in the climate of the postmodern era. The*

генерација. Во 1991 год. изложбата го промени насловот во "Мајски изложби на млади" каде плејадата млади ликовни творци својот ликовен настап можеше да го оствари во една реномирана институција: Станко Ѓорѓиев (1988), Нарциса Андреевска, Сергеј Андреевски и Вана Урошевиќ (1989), Симонида Филипова-Китановска (1990), Исмет Рамиќевиќ, Венко Цветков, Марина Лешкова, Перица Георгиев-Пепси и Ибрахим Беди (1991), Јулијана Гешовска, Зоран Малиновски, Денко Матевски, Дијана Томиќ, Жанета Гелевска и Вујка Радивојевиќ-Бојарова (1992), Игор Василев и Искра Димитрова (1993), Маја Рауник, Кољо Мишев и Данчо Кал´чев (1994), Ванчо Јаков, Виолета Чаповска, Лилјана Климова-Пеин и Татјана Миљовска (1996) и Жарко Башески (1997).

Уметничката галерија соработката со странство особено ја збогати во последната деценија. Во програмата за меѓународна активност Галеријата отвори нови полиња на соработка со значајни европски центри. Плод на ваквиот потфат беа реципрочно организираните изложби со виенската Клајне галери (Kleine galerie): Нови реалисти (изложба на 6 австриски уметници, реализирана во Уметничката галерија, 1990), по што следуваше возвратната заедничка изложба на афирмираните македонски уметници Петар Мазев и Боро Митриќески во Виена (1990), Вито Вуковиќ, сликар од Австрија, во Скопје (1991) и во Охрид (1992) и изложбата на Владимир Георгиевски во Виена (1992).

Уметничката галерија разви особено плодна соработка со збратимените градови Нирнберг и Дрезден. Соработката отпочна со презентирањето на германската изложба "Франечка ликовна уметност" (1989) во Скопје, во организација на реномираната институција Кунст Хаус (Kunsthaus) од Нирнберг, а потоа следуваше возвратната изложба "10 македонски ликовни уметници" (1990) во Нирнберг. На овие изложби беа надоврзани: "7 млади македонски ументици" во Нирнберг (1994), "7 уметници од Нирнберг" (1995) во Скопје, како и последната "Франечка ликовна уметност" (1997) во Скопје.

Во рамките на оваа соработка беше и воспоставувањето на размена на ликовни уметници со по тримесечен студиски престој. Ваков престој од Македонија остварија уметниците: Сергеј Андреевски (1992), Перица Георгиев-Пепси (1995) и Вело Ташовски (1998). Во Македонија престојуваа германските уметници: Рајнхард Вулмер (1992), Дороте Беркенхегер (1995) и Андерс Мол (1998). Од делата настанати за време на нивниот престој беа организирани заеднички изложби во Скопје и Нирнберг.



*Art Gallery joined all these events by organizing the traditional exhibition "The first exhibition of a young artist" (1988), which had an aim to register the artistic potentials of the new generation. In 1991 the title of the exhibition was changed to "Young artists exhibition in May, where a variety of young artists could express their works of art in a reputable institution: Stanko Gorgiev (1988), Narcisa Andreevska, Sergej Andreevski and Vana Uroshevich (1989), Simonida Filipova-Kitanovska (1990), Ismet Ramichevich, Venko Cvetkov, Marina Leshkova, Perica Gorgiev-Pepsi and Ibrahim Bedi (1991), Julijana Geshovska, Zoran Malinovski, Denko Matevski, Dijana Tomich, Zhaneta Galevska and Vujka Radivoevich-Bojarova (1992), Vancho Jakov, Violeta Chapovska, Liljana Klimova-Pein, Tatjana Miljoska (1996) and Zharko Basheski (1997).*

*The Art Gallery especially increased its collaboration with other countries during this last decade. In the program for international activity, the Art Gallery opened up new fields for collaboration with significant European centers. The fruit of this venture are the reciprocal organized exhibitions with the Kleine gallery of Vienna: New Realities (an exhibition of six Austrian artists, realized in the Art Gallery 1990), after that followed the return group exhibition of the acclaimed Macedonian artists Petar Mazev and Boro Mitrikeski in Vienna (1990), Vito Bukovich (a painter from Austria) (in Skopje 1991 and in Ohrid 1992), Vladimir Georgievski's exhibition in Vienna (1992).*

*The Art Gallery developed an especially flourishing collaboration with the sister cities, Nurnberg and Dresden. The collaboration began with the presentation of the German exhibition under the title "Frankish art" 1989 in Skopje, organized by the reputable institution Kunst Haus of Nurnberg. After that followed the return Macedonian exhibition "Ten Macedonian Artists" 1990 in Nurnberg. These exhibitions were followed by: "Seven Young Macedonian Artists" in Nurnberg 1994, "Seven Artists from Nurnberg" in Skopje 1995, as well as the last "Frankish Art" exhibition in Skopje 1997.*

*In the outline of this collaboration, the artists exchange program was established, which enabled the artists to stay for three months and study. The Macedonian artists that went to Germany were: Sergej Andreevski (1992), Perica Gorgiev-Pepsi (1995) and Velo Tashevski (1998), while German artists that came to Macedonia were: Reinhad Vullmer (1992), Dorothe Berkenhager (1995) and Anders Moll (1998). Joint exhibitions from the works they made during their stay were organized in Skopje and Nurnberg.*

*With Dresden the following exhibitions were realized: "Seven Young Macedonian Artists (Dresden 1994), Dresden Modern Art "Out of Residence" (Skopje 1995), Dresden Graphic Art (Skopje 1997), "Twelve Graphic Positions of Skopje" (Dresden 1998).*

Со Дрезден беа реализирани следните заеднички изложби: Седум млади македонски уметници (1994, Дрезден), Современа уметност од Дрезден (1995, Скопје), Графика од Дрезден (1997, Скопје), "12 графички позиции од Скопје" (1998, Дрезден).

Уметничката галерија во галеријата Медиен (Medien galerie) во Берлин ја отвори изложбата " 5 македонски ликовни уметници" (1995).

Воспоставената соработка со овие центри отвори широко поле за размена на информации и творечки дијалог, особено за најновите моменти во ликовната проблематика.

Во мноштвото изложби од странство реализирани во Уметничката галерија, секако значајно место заземаат: Хенри Мур - графичка изложба (Англија, 1983), Ликовното и народното творештво на Узбекистан (1984), Графики од Тамаринд (САД, 1987), Опи Зуни (Грција, 1989), Поновата американска графика (1990), Светско триенале - графика мал формат Шамалиер, (Франција, 1990) Мори Формигони (САД, 1991), која направи инсталација "Чистилиште" концепирана специјално за амамот како обид да предизвика сеќавање на физичкото и духовно чистилиште, Томур Атагуг (Турција, 1994), СИАБ (Студентско интернационално арт биенале (1995), Кинески културни реликвии и пејзажи (1996), Југословенско современо сликарство (1997) и ред други.

Уметничката галерија за првпат во својата историја беше организатор на македонската презентација на 47. Венецијанско биенале, во 1997 година, со проектот "Македонија пред Ѓото - Македонија денес". Автор на концептот беше архитектот Драган Бошнакоски, а автор на скулптурите што беа изложени во црквата Сан Џовани Ново во Венеција, беше Анета Светиева.

Во последните години Галеријата беше домаќин во прикажувањето на творештвото настанато на меѓународните ликовни колонии: Прилеп, Струмица, Галичник и колонијата Св. Јоаким Осоговски од Крива Паланка.

Погледот низ изминатите педесет години открива еден богат интерактивен однос помеѓу уметниците и Галеријата. Заемноста и поврзаноста на влијанието во двонасочен процес ја оплодувал меѓусебната упатеност, создавајќи на двете страни услови за понатамошна соработка и устрем.

Вонредно богатата програмска дејност на Уметничката галерија во текот на целиот овој изминат петдецениски период доволно сведочи за нејзиниот особен придонес во развојот на ликовната уметност и македонската култура и нé задолжува статусот на реномирана национална институција да го одржиме и развиваме и во иднина.

**Менка Карапашовска, виш кустос**

*The Art Gallery opened up the exhibition "Five Macedonian Artists" in the Medien Gallery in Berlin (1995).*

*The collaboration with these centers opened up a wide field of information exchange and creative dialogue, especially about the latest art issues.*

*Among the numerous art exhibitions from abroad that were realized in the Art Gallery, we especially must mention: Henry Moore (graphics exhibition) (England 1983), Uzbekistanian art and national folklore (1984), Tamarind graphic art (USA 1987), Opi Zuni (Greece 1989), Latest American graphics (1990), World Triennial-graphics is small format Shamalier ( France 1990), Mori Formigoni (USA 1991) which made the "Clearing" installation, especially conceived for the Amam, in the attempt to induce the reminiscence of physical and spiritual clearing, Tomur Atagug (Turkey 1994), SIAB (Students International Art Biennial 1995), Chinese Cultural Relics And Landscapes (1996), Modern Yugoslav Painting (1997) and others.*

*The Art Gallery for the first time in its history was organizer of the Macedonian presentation of the 47th Venetian biennial in 1997 with a project "Macedonia before Gjoto -Macedonia today". The author of the concept was architect Dragan Boshnakoski, while creator of the sculptures that were exhibited in the San Govani Novo church in Venice was Aneta Svetieva.*

*In the last few years the Art Gallery has been host to the exhibiting of works of art created by the international art colonies of Prilep, Strumitza, Galichnik and the St. Joakim Osogovski colony of Kriva Palanka.*

*A retrospective of the last 50 years reveals a rich interactive relationship between the artists and the Gallery. The mutual interdependence of the impressions in a two-way process brought forth mutual enlightenment, creating conditions for further collaboration on both sides.*

*The particularly rich program work of the Art Gallery during the period of these last five decades gives forth enough evidence about the Gallery's special contribution to the development of art and Macedonian culture, and commends us its status of a renowned national institution to keep and develop it even more in future.*

***Menka Karapashovska, chief custodian***

**1. Борка АВРАМОВА**
Портрет на Шиптар, 1957
бронза, 36x26x36 см.

**2. Димитар ПАНДИЛОВ АВРАМОВСКИ**
Мостот на реката Дрим, 1927
масло на платно, 110x119 см.

Жетварки, 1937
масло на шпер плоча, 47x61 см.

Скопска гара, 1947
масло на платно, 42x53,5 см.

**3. Драгутин АВРАМОВСКИ-ГУТЕ**
Предел, 1980
масло на платно, 85x85 см.

**4. Родољуб Анастасов**
Во потрага по изгубениот простор III, 1972
масло на платно, 138x168 см.

**5. Богоја Ангелкоски**
Волшебство на приказните, 1993
дрво и метал, 40x48x43 см.

**6. Димитар АНДОНОВ-ПАПРАДИШКИ**
Пејзаж, 1897 (?)
масло на платно, 49,5x46,4 см.

**7. Ѓорѓи АНГЕЛОВСКИ**
Портрет на керка ми, 1951
дрво, 26x14x21 см.

**8. Нарциса АНДРЕЕВСКА**
Продор, 1988
масло на платно, 87x100 см.

**9. Томе АНДРЕЕВСКИ**
Простор-форма, 1983
бронза, 38x9x14 см.

**10. Сергеј АНДРЕЕВСКИ**
Загрижени, 1988
масло на платно, 94x94 см.

**11. Илија АРИЗАНОВ**
Зеленило, 1980
масло на платно, 85,5x75 см.

**12. Томе АЏИЕВСКИ**
Без наслов, 1991
дрво, 40x25x18 см.

**13. Јован БАЛОВ**
Од циклусот: Берлински орли, 1998
(триптих)
акрилик на платно, 100x100x(3) см.

**14. Ибрахим БЕДИ**
Скулптура, 1991
камен, дрво, коноп, 130x50x30 см.

**15. Жарко БАШЕСКИ**
Форма, 1994
мермер, 60x30x2 см.

**16. Љубомир БЕЛОГАСКИ**
Мотив од Бока II, 1951
акварел, 55x75 см.

**17. Томе БУНДОВСКИ**
Заморена жена, 1990
мермер, 41x63x 22 см.

**18. Жанета ВАНГЕЛИ**
Без наслов, 1997 (диптих)
акрилик на дрво, 80x120x(2) см.

**19. Васил ВАСИЛЕВ**
Асоцијативна фигура I, 1976
дрво, 90x30x45 см.

**20. Иван ВЕЛКОВ**
Еклектици, 1965
масло на платно, 45x140 см.

**21. Пецо ВИДИМЧЕ**
Мајка и дете, 1965
темпера на хартија, 95x73 см.

**22. Томо ВЛАДИМИРСКИ**
Мотив од Прага, 1937/38
масло на платно, 100x70 см.

**23. Жанета ГЕЛЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА**
Два света, 1994
комб.техника, 100x70 см.

**24. Владимир ГЕОРГИЕВСКИ**
Чистач, 1983
масло на платно, 125x135 см.

**25. Перица ГЕОРГИЕВ-ПЕПСИ**
Уша Бала Ело (Зора), 1998
перформанс

**26. Илинка ГЛИГОРОВА-СУЗА**
Огниште на ситните, 1969
масло на платно, 100x100 см.

**27. Богдан ГРАБУЛОСКИ-БОНАЧ**
Софија, 1985
мермер, 28x19x12 см.

**28. Јордан ГРАБУЛОСКИ-ГРАБУЛ**
Композиција, 1961
метал, 108x47x47 см.

Контакт IV, 1979/80
патиниран гипс, 44x24x26 см.

**29. Божидар ДАМЈАНОВСКИ**
Откровение на сликарот
Танас Луловски, 1980
масло на платно, 270x150,5 см.

**30. Ангел ДИМОВСКИ-ЧАУШ**
Две форми, 1993
бронза, 16,5x13,5x10 см.

**31. Станко ЃОРЃИЕВ**
Голем акт, 1988
масло на платно, 100x170 см.

**32. Ванчо ЃОРЃИЕВСКИ**
Маска и девојка, 1960
масло на платно, 76x86 см.

Сон и јава, 1970
масло на платно 115x140 см.

**33. Кирил ЕФРЕМОВ**
Манекени, медиокритети и
сакрални остатоци, 1970
масло на платно, 160x150 см.

**34. Катја ЕФТИМОВА**
Пејзаж од Отешево, 1957
масло на платно, 50x60,5 см.

**35. Ѓорѓи ЗОГРАФСКИ**
Женски портрет, пред 1894
масло на платно, 29,5x20,6 см

**36. Никола ИВАНОВ-БАЛТОН**
Предел, 1998
масло на платно, 100x100 см.

**37. Ангеле ИВАНОВСКИ**
Старо Скопје, 1950
масло на платно, 72x62,5

**38. Методија ИВАНОВСКИ-МЕНДЕ**
Кокошки, 1953
масло на платно, 57,5x82,5 см.

**39. Александар ИВАНОВСКИ-КАРАДАРЕ**
Прошетка, 1982
метал, 24x25x39 см.

**40. Богољуб ИВКОВИЌ**
Семејство, 1962
масло на платно, 130x150 см.

**41. Жарко ЈАКИМОВСКИ**
Без наслов, 1988
пастел 100x70 см.

**42. Ванчо ЈАКОВ**
Од циклусот:
Нашиот сакан простор VII, 1995
комб.техн. на платно, 100x100 см.

**43. Александар ЈАНКУЛОВСКИ-ЦАНЕ**
Студија, 1962/63
масло на платно, 150x39 см.

**44. Трајче ЈАНЧЕВСКИ**
Жена со маче, 1963
масло на платно 58x64 см.

**45. Ристо КАЛЧЕВСКИ**
Слика XIV, 1963
масло на платно, 75x60 см.

Слика 32, 1978
масло на платно, 130x114 см.

**46. Данчо КАЛ'ЧЕВ**
Слика бр.133, 1992
масло,дрво, 80x100 см.

**47. Боро КРСТЕВСКИ**
Грација, 1987
мермер, 26x22x23 см.

**48. Миле КОРУБИН**
Исчекување, 1968
масло на платно, 98x124 см.

Бело утро, 1979
масло на платно, 122x160 см.

49. **Рубенс КОРУБИН**
Шумски дворец, 1985
мсло на платно, 130x130 см.

50. **Димче КОЦО**
Средновековен воин, 1962
таписерија, волна и памук, 99x77 см.

51. **Димитар КОЧЕВСКИ-МИЧО**
Циклус: Птици, 1985
акрилик на платно, 98x98 см.

52. **Илија КОЧОВСКИ**
Предел II, 1985
масло на платно, 90x100 см.

53. **Вангел КОЏОМАН**
Мотив од прилепско I, 1956
масло на шпер плоча, 49,5x66 см.

Блед I, 1950
акварел, 47x31,5 см.

54. **Димитар КОНДОВСКИ**
Шаховска табла, 1960
масло на платно, 80,5x100 см.

Самрак, 1963
комб.техн. 59x50 см.

55. **Павле КУЗМАНОВСКИ**
Глава на сведок, 1998
масло на платно, 90x90 см.

56. **Спасе КУНОВСКИ**
Логор, 1960
масло на платно, 82x111 см.

Портрет, 1968/69
масло на платно, 112x150 см.

57. **Борко ЛАЗЕСКИ**
Сена, 1947
масло на платно, 44,5x53,5 см.

Апстракција VI, 1979
масло на платно, 140x141 см.

58. **Илија ЛАФАЗАНОВСКИ**
Утро, 1983
камен, 64x20x20 см.

59. **Марина ЛЕШКОВА**
Предел, 1989
комб.техн. на платно, 147x170 см.

60. **Лазар ЛИЧЕНОСКИ**
Долап, 1937
масло на платно, 161x113,5 см.

Афиони, 1950
масло на платно, 76x60 см.

Бачило, 1959
масло на платно, 73x100 см.

61. **Ристо ЛОЗАНОСКИ**
Прастари облици, 1961
масло на платно, 88x131

62. **Танас ЛУЛОВСКИ-ТАНЕ**
П-78, 1978
акрилик на платно, 200x200 см.

63. **Константин МАЗЕВ**
Портрет, 1986
масло на платно, 140x100 см.

64. **Петар МАЗЕВ**
Оплакување, 1959
масло на платно, 115x145 см.

Љубомора, 1982
масло на платно, 174x135 см.

65. **Димитар МАНЕВ**
Без наслов II, 1976/77
акрилик на платно, 110x136 см.

66. **Коле МАНЕВ**
Портрет на Доста Донева
од Бапчор, 1987
масло на платно, 81x65 см.

67. **Свето МАНЕВ**
Каријатида, 1982
масло на платно, 100x100 см.

68. **Стефан МАНЕВСКИ**
Сончев зрак, 1966
метал, 107x46x9 см.

Без наслов, 1984
боен декапиран плех, 91x115x39 см.

69. **Никола МАРТИНОСКИ**
Две девојки, 1936
масло на платно, 66,5x52 см.

На приемен ден (одмор), 1954
масло на платно, 107x68 см.

Свадба, 1965/67
масло на стакло, 88x36 см.

70. **Ѓоко МАТЕВСКИ**
Двоен премин, 1981
масло на платно, 60x60 см.

71. **Доне МИЛЈАНОСКИ**
ТаписеријаVII, 1972
волна и памук, 146x99 см.

72. **Татјана МИЉОВСКА**
Симболична структура, 1993
масло на картон, 45x70 см.

73. **Боро МИТРИЌЕСКИ**
Коњаник, 1960
алуминиум, 30x44x10 см.

Портрет на Петар Мазев, 1988
дрво, 25x37x15 см.

74. **Игор МИТРИЌЕСКИ**
Тажен портрет, 1983
масло на платно, 127,5x104,5 см.

75. **Кољо МИШЕВ**
Слика XLIX, 1992
пигмент со маслен медиум на платно,
100x100 см.

76. **Рашко МУРАТОВСКИ**
Одмор, 1956
бронза, 46x28x31 см.

77. **Ратко НЕСТОРОВСКИ-КИНЕЗ**
Портрет, 1988
масло на платно, 63x63 см.

78. **Благоја НИКОЛОВСКИ**
Капач, 1982
масло на платно, 90x100 см.

79. **Борис НИКОЛОСКИ**
Направа I, 1967
дрво и метал, 52x56x35 см.

80. **Данчо ОРДЕВ**
Пејзаж I, 1982
масло на платно 90x100 см.

81. **Таки ПАВЛОВСКИ**
Градење, 1975
масло на платно, 110x119 см.

82. **Илија ПЕНУШЛИСКИ**
Предел I, 1982
масло на платно, 100x140 см.

83. **Душан ПЕРЧИНКОВ**
Мотив од преградие VI, 1972
масло на платно, 91x134

84. **Димче ПРОТУЃЕР**
Композиција со коски од риби, 1957
пастел, 68x98 см.

85. **Василие ПОПОВИЌ-ЦИЦО**
Македонски ликовни уметници, 1955
темпера на картон, 50x70 см.

86. **Драган ПОПОСКИ-ДАДА**
Р'тење, 1977
мермер, 11x24x21 см.

87. **Исмет РАМИЌЕВИЌ**
Жетва, 1998
инсталација

88. **Александар РИСТЕСКИ**
Предел II, 1982
масло на платно, 160x112 см.

89. **Анета СВЕТИЕВА**
Од циклусот: Ерос и Танатос I, 1996
железо, метална мрежа, картон,
52x290x70 см.

90. **Крсто СЛАВКОВСКИ**
Композиција, 1983
дрво, 13x25x13 см.

91. **Славчо СОКОЛОВСКИ**
Крстови, 1992 (диптих)
олово, пигмент и лак на дрво, 60x40x(2)

92. **Мирослава СПИРОВСКА**
Литургија I, 1976
таписерија, волна и памук, 176x57 см.

93. **Глигор СТЕФАНОВ**
Летало, 1984
слама, 275x80x12 см.

**94. Златко СТЕФАНОВ-ПОПОИВАНОВ**
Легенди, 1986
масло на платно, 120x80 см.

**95. Елена СТЕФАНОВА**
Автопортрет, 1945
масло на картон, 25x20 см.

**96. Љубомир СТЕФАНОВСКИ**
Торзо, 1952
бронза, 93x44x30 см.

**97. Душко СТОЈАНОВСКИ**
Тaписерија, 1976
волна и памук, 152x87 см.

**98. Димитар СТОЈЧЕВСКИ**
Рустично и урбано, 1979
комб.техн. 95x70 см.

**99. Васко ТАШКОВСКИ**
Доказ за едно постоење, 1975
масло на платно, 150x200 см.

**100. Вело ТАШОВСКИ**
Слика = простор I, 1998
комб.техн. 70x90 см.

**101. Ана ТЕМКОВА**
Реликвии, 1967
масло на платно, 86,5x105,5 см.

**102. Димо ТОДОРОВСКИ**
Уметниковата мајка, 1947
бронза, 45x45x31 см.

Јама, 1956
бронза, 72x72x71 см.

**103. Борислав ТРАИКОВСКИ**
Севда, 1967
масло на платно, 80x100 см.

**104. Вана УРОШЕВИЌ**
Слика од свила, 1996
свила на платно, 110x130 см.

**105. Никола ФИДАНОВСКИ-КОЧО**
Пробивање на мрежата, 1981
масло на платно, 96x87 см.

**106. Симонида ФИЛИПОВА-КИТАНОВСКА**
Есенски ритам, 1990
масло на платно, 160x140 см.

**107. Слободан ФИЛОВСКИ-БОБИ**
Пејзаж, 1979
масло на платно, 82x70 см.

**108. Нове ФРАНГОВСКИ**
Скок во иднината, 1968
масло на платно, 99.5x140 см.

**109. Петар ХАЏИ БОШКОВ**
Глава, 1962
метал, 46x26x28 см.

Дијалог, 1979/80
бронза, 54x15x6 см.

**110. Венко ЦВЕТКОВ**
Предел, 1990/91
масло на платно, 100x140 см.

**111. Глигор ЧЕМЕРСКИ-ГИЧЕ**
Бавча на љубовта, 1982
масло на платно, 140x170 см.

**112. Благој ЧУШКОВ**
Гитарист, 1974
теракота, 35x37x30 см.

**113. Симон ШЕМОВ**
Дете кое јаде леб и маст, 1971/72
масло на платно, 100x100 см.

**114. Томо ШИЈАК**
Обичај I, 1963
масло на панел, 69,5x37 см.

Неомусандра X, 1977
комб.техн. 130x70 см.

**Димитар Аврамовски Пандилов**
Жетварки, 1937
масло на шпер плоча, 48x66 см.



**Томо Владимирски**
Мотив од Прага, 1933
масло на платно, 100x70 см.







**Лазар Личеноски**
Долап, 1937
масло на платно, 161x113 см.



**Никола Мартиноски**
Свадба, 1965
масло на стакло, 43,5x30,5 см.



**Љубомир Белогаски**
Мотив од Бока II, 1951
акварел, 55x75 см.



**Вангел Коџоман**
Мотив од прилепско I, 1956
масло на шпер, 49,5x66 см.

**Димо Тодоровски**
Уметниковата мајка, 1947
бронза. 45x45x31 см.



**Димче Коцо**
Средновековен воин, 1962
таписерија, волна и памук, 99x77 см.





**Борислав Траиковски**
Севда, 1967
масло на платно, 80x100 см



**Димитар Кондовски**
Шаховска табла, 1960
масло на платно, 80,5x100 см.

**Спасе Куновски**
Логор, 1960
масло на платно, 82x111 см



**Петар Мазев**
Љубомора, 1982
масло на платно, 174x135 см.





**Јордан Грабулоски-Грабул**
Скица за споменик, 1961
метал, 130x46x42 см.





**Петар Хаџи Бошков**
Дијалог,1979/80
бронза, 54x15x6 см..

Од ризницата на Уметничка галерија Скопје

Македонска ликовна збирка

# ЦРТЕЖ И ГРАФИКА



**Димитар Аврамовски Пандилов**
Товараење на кола, 1952
туш на хартија, 21.5x32



**Никола Мартиноски**
Доилка XXIII, 1968
пастел на хартија, 55,5x43

## ЦРТЕЖ

Цртежот, односно линијата е основен и наједноставен елемент во ликовното изразување. Со него почнал да се занимава првиот човек, со него почнува детето, а исто така својата идеја ја осмислува и ликовниот уметник. Цртежот има фундаментална улога во ликовното креирање бидејќи преку него може да се претстави поголем дел од она што го чувствува уметникот. Всушност, самиот цртеж е ликовна арматура на уметничкото дело. Тој ја бележи првата мисла на уметникот и е начин со кој однапред се резервира местото на бојата. Самиот цртеж настанува брзо, непосредно и лесно, а едновремено овозможува и преод кон сликата, скулптурата или таписеријата.

Застапен е во сите пластични уметности (сликарство, скулптура, графика, таписерија, архитектура), како и во применетите уметности (плакат, дизајн, сценографија, костимографија, керамика, карикатура).

Цртежот во македонското современо творештво се јавува како неодминлива предлошка и е дисциплина што ни овозможува поконцизно да ги согледаме развојните промени во уметничките достигнувања.

Колекцијата на цртежот на Уметничката галерија започна да се гради уште од нејзиното основање и дејствување и е навистина обемна и разновидна. Галеријата располага со цртежи од најстарата генерација уметници, од основоположниците на македонската современа уметност, со цртачките остварувања на средната генерација македонски уметници, како и од најмладата генерација на ликовни творци. Треба да се спомене и извонредно богатата збирка на цртежи од српски, словенечки и хрватски автори, чијшто обем ја достигнува бројката од над 150 цртежи, со различна тематика и стилска обоеност.

Фондот на цртежот на Галеријата од година в година се збогатува и со доделувањето на откупната награда на традиционалната годишна ДЛУМ-ова изложба - цртеж, а со тоа им овозможуваме на младите уметници поголема афирмација во ликовниот живот.

Презентирањето на цртачките остварувања во Галеријата го следиме уште од шестата деценија преку значајните изложби на странските уметници (цртежите на англискиот уметник Х. Мур, 1955; преку меѓународната изложба на детскиот цртеж, 1954), како и преку презентирање на цртачкото творештво на нашите најистакнати уметници.

## *DRAWING*

*The drawing, or the line, is the most basic and simplest element in the artistic expression. With it prehistoric man began to draw, the child, and with it also the artist begins to formulate his idea. The drawing has a fundamental role in artistic creation because with it the artist can present a larger part of what he feels. Actually, the drawing represents the artistic armature of the work of art. It puts down the artist's first thought and is a way by which he reserves the place for the color beforehand. The actual drawing is produced quickly, directly and easy, and at the same time it enables a transition towards the painting, sculpture or tapestry.*

*The drawing is represented in all the visual arts (painting, sculpture, graphic art, decorative art, architecture), as well as in applied arts (prints, design, set design, costume design, ceramics, caricature).*

*In modern Macedonian art, the drawing is a form of an unavoidable idea and is a discipline that enables us to envision the development changes of art achievements more concisely.*

*The drawing collection in the Art Gallery began to develop from the time of its formation and is truly large and diverse. The Gallery has at its disposal drawings from the oldest generation of artists, from the architects of modern Macedonian art to the drawing achievements of the artists of the Macedonian middle generation and the youngest Macedonian artists. We also must mention the brilliantly rich collection of drawings from Serbian, Slovenian and Croatian artists whose number exceeds over 150 drawings with different themes and style coloring.*

*The number of drawings in the Gallery increases every year with the presentation of the purchase award of the annual DLUM (Visual Arts Society of Macedonia) exhibition - drawing, which enables a larger affirmation for the young artists.*

*The presentation of drawing achievements has been taking place in the Gallery since the 1960's, through the significant exhibitions of foreign artists (the drawings of the English artists Henry Moore 1955, through the international exhibition of children drawings 1954), and the presentation of the drawing accomplishments of Macedonia's most acclaimed artists in the course of the 50 years existence of the Art Gallery.*



**Драгутин Аврамовски - Гуте**
Композиција, 1962
дрворез, 40x30



**Васко Ташковски**
Раѓање на каменот, 1982
молив на хартија, 57x76,5



**Родољуб Анастасов**
Човек и простор XC, 1988
креда и молив во боја, 65x100

**Душан Перчинков**
Предел-траг, 1980
сито-печат, 50x70



**Димитар Малиданов**
Оџак, 1979
акватинта во боја, 76x56,5



По повод 50 години од формирањето на Уметничката галерија во нејзиниот изложбен простор презентираме дел од богатата колекција на цртежот и графиката. Тој, всушност, претставува избор од цртачкиот и графичкиот опус на нашите ликовни уметници, а на тој начин делумно ќе го проследиме и нивниот развоен пат во овие уметнички дисциплини.

Во Македонија цртачките остварувања можат да се следат уште од предвоениот период преку творештвото на нашата прва генерација академски уметници (Д.А. Пандилов, Д. Тодоровски, В. Поповиќ - Цицо, Н. Мартиноски, Л. Личеноски). Најголем придонес во цртежот даде академскиот сликар Никола Мартиноски чијшто цртачки опус навистина е обемен и разновиден. Уметничката галерија располага со значајна збирка од овој академски сликар чиј што фонд опфаќа цртежи од најраниот негов период (30-тите години), па сé до 70-тите, и која ни овозможува да ги забележиме сите негови стилски особености и разновидната тематика што ја обработува. Преку своите цртежи тој нé запознава со тешката социјална и економска положба на народот во предвоениот период. Со пробивна точност на виртуозно користената линија изведува човечки претстави, необично впечатливи и исполнети со уметниковиот хуманистичко-социјален пристап кон мотивите. Особено важни за нашата повоена уметност се неговите цртежи од шестата деценија каде што доминира новиот пристап кон ангажираната тематика. Тие се засновани на смело и впечатливо применувани експресионистички, посткубистички, надреалистички и традиционални елементи (Грос, Пикасо, Шагал, византиската уметност), а во многу од нив блика незадржана еротика.

За Д. А. Пандилов е карактеристично тоа што преку цртежите најдоследно ни ја искажува својата интимна, емоционална суштина, како и трајните ликовни поттици и афинитети од кои е условена. Нашата галерија поседува цртежи од 1952, 1953, 1962, со различна тематика преку кои ги следиме сите негови цртачки способности.

Л. Личеноски со цртежот се занимавал попатно, всушност го користел само како скица или студија за понатамошното сликарско дело.

За развојот на цртежот во Македонија важна улога одигра и дејствувањето на групата "Денес" која се определи за демократизација на ликовниот живот, за осовременувањето на нашата уметност. Групата му посвети особено внимание на цртежот како дисциплина. Нејзини членови беа: Б. Лазески, Д. Протуѓер, Д. Кондовски, Р. Лозаноски, Б. Барутовски и Б. Крстевски.

Исто така, на цртежот одредено место му дадоа и неколкуте уметници коишто беа стилски определени за

*On the occasion 50 years after the formation of the Art Gallery, in its exhibition hall we present part of the rich collection of drawings and graphics, which represent a selection of the drawing and graphic art opus of Macedonian artists and we'll partly look at their development in these art disciplines.*

*In Macedonia the drawing achievements can be traced to the pre-war period through the creative work Macedonia's first generation of academic artists (D. A. Pandilov, D. Todorovski, V. Popovich-Ciso, N. Martinoski, L. Lichenoski). The greatest contribution to drawing was made by the academic artist Nikola Martinoski, whose drawing opus is quite large and diverse. The Art Gallery has at its disposal a significant collection of this academic artist, whose set covers drawings from his earliest period (the 1930's) to the 1970's, where we can notice all his styles and diverse themes. Through his drawings he acquaints us with the difficult social and economic situation of the nation in the pre-war period. With penetrating accuracy of the masterly used line, he performs human presentations, exceptionally impressive and filled with the artist's humanly social approach towards the motifs. His drawings from the 1960's are especially important for our post-war art, in which prevails the new approach towards the engaging themes. They are based on bold and impressionably applied expressionistic, post-cubic, surrealistic and traditional elements (Gross, Picasso, Chagall. Byzanthian art), and in many of them predominates irrevocable erotica.*

*What's characteristic for D. A. Pandilov is that through his drawings, he actually presents us with his most intimate and emotional being and the perpetual artistic spirit and affinities from which it is conditioned. Our Gallery owns drawings from 1952, 1953 and 1962, with different themes where we can notice all his drawing abilities.*

*L. Lichenoski has worked on drawings only parenthetically. Actually, he used the drawing as an outline or study for the development of his paintings.*

*The work of the "Denes" (Today) group played a very important part in the development of the drawing in Macedonia. The group resolved to the democratization of artistic life and the modernization of Macedonian art. It devoted special focus on the drawing as a discipline. The members of the group were: B. Lazeski, D. Protuger, D. Kondovski, R. Lozanoski, B. Barutovski and B.Krstevski.*

*Also, certain artists that were stylistically devoted to the expressionistic expression gave special emphasis to the drawing: P. Mazev, G. Chemerski and S. Shemov.*

**Томислав Крмов**
Луња, 1988
литографија, 76x56





**Димче Николов**
Предел 18, 1979
бакропис-акватинта, 64,5x49

експресионистичко изразување: П. Мазев, Г. Чемерски и С. Шемов. Мазев, со елементи на апстрактен експресионизам, цртежот го развива во змиести, спирални, искршени геометризирани или испреплетени линии. За Чемерски е карактеристична необичната фигуративност во цртежот (како и во сликите), додека цртежот на Шемов се развива низ фази на поголема фигуративна читливост и сентименалност.

Понатаму, македонскиот цртеж почнува да поприма нови форми на надреалното и фантастичното преку впечатливите цртежи на В. Ташковски, па преку цртежите на Д. Милјановски, во кои се чувствува вриеж од противречни настојувања.

Се одвојуваат и цртежите на Р. Анастасов и Т. Луловски кои, пак, во дадени моменти се доближуваат кон актуелните ликовни правци. Кај Анастасов се јавуваат надворешни урбани средини во кои доминира градежно-архитектонската маса, а човекот е претставен како силуета; додека Луловски од ситно предадени биолошки честички се насочува кон хиперреализмот.

Грижливата организација на творбите како најсоодветно откривање на сопствените идеали за духовните и визуелните вредности на просторот во кој се посакува остварување на сопственото постоење е основната смисла на цртачкото творештво на Душан Перчинков.

Некои уметници од помладата генерација, како што се Р. Корубин и С. Манев, во цртежот користат елементи од барокот, симболизмот и надреализмот, а други, пак, истражуваат во сферата на лирската апстракција и модерниот сензибилитет (С. Филовски). Појасна определба кон концептуалната уметност ни открива Г. Стефанов.

Исто така и неколку наши скулптори дадоа одреден придонес во развојот на македонскиот цртеж. Се истакнуваат цртежите на Ј. Грабулоски коишто се поврзани со неговите скулпторски дела; во цртежите на С. Маневски се комбинирани нијансирани или еднообразни земјано-окерасти основи и во нив се вметнати делови што цртачки покажуваат некоја визуелна и духовна јатка на делото. Карактеристични се и цртежите на Д. Попоски-Дада кои што се сродни на неговите творби, како и цртежите на Н. Бе́ќароски во кои настојува да вметне детали што ни соопштуваат некои настани. Цртежите на В. Василев се прикажани како висечки колажи-објекти и се совпаѓаат со неговите скулпторски истражувања.

Особен печат во развојот на македонскиот цртеж оставија творбите на Д. Коцо, Б. Лазески, П. Хаџи Бошков, Д. Аврамовски-уте, Р. Калчески, И. Велков, А. Ристески, М. Петровски, Б. Николовски, А. Темкова, В. Наумовски, со чии цртежи е збогатена и колекцијата на Уметничката галерија.

*Mazev, with his elements of abstract expressionism, developed the drawing into snake-like, spiral, broken geometric or interwoven lines. What's characteristic about Chemerski is the unusual figurativity in his drawings (as well as in his paintings), while Shemov's drawings developed through stages of a larger figurative brushing and sentimentality.*

*Later the Macedonian drawing begins to develop new forms of surrealism and fantasy through the notable drawings of V. Tashkovski, and also through the drawings of D. Miljanovski, where one can feel a seething of contradictory perseverance.*

*We must also mention the drawings of R. Anastasov and T. Lulovski, which at certain moments come close to modern art courses. In Anastasov's drawings we see outside, urban settings in which dominate buildings and architectural mass, while man is represented as a silhouette. Lulovski, on the other hand, from minute biologic particles moves towards hyperrealism.*

*The thoughtful organization of his works, as a most appropriate discovery of his own ideals for the spiritual and visual values of the space in which one wishes to establish one's own existence, is the basic idea in the drawings of Dushan Perchinkov.*

*Some artists of the younger generation, such as R. Korubin and S. Manev, use elements of baroque, symbolism and surrealism in their drawings, while others experiment in the field of lyric abstraction and modern sensibility (S. Filovski). An even clearer determination towards the conceptual art can be seen in the art of G. Stefanov.*

*Some of our sculptors have also contributed to the development of the Macedonian drawing. We have to mention the drawings of J. Grabulovski, which are related to his sculptures. In S. Manevski's drawings there is a combination of shadings or dreary, earthen-ocher bases in which are inserted parts that show the visual or spiritual nucleus of the work. The drawings of D. Poposki-Dada are also characteristic, because they're related to his written works. Also the drawings of N. Bekaroski, who tries to add details that state certain events. The drawings of V. Vasilev are shown as assorted hanged objects and fit into his sculptural experiments.*

*A particular imprint on the development of the Macedonian drawing is left by the works of D.Koco, B. Lazeski, P. Hadzhi Boshkov, D. Avramovski-Gute, R. Kalcheski, I. Velkov, A. Risteski, M. Petrovski, B. Nikolovski, A. Temkova and V. Naumovski whose drawings enriched the collection of the Art Gallery.*

Од најмладата генерација ликовни уметници со оваа дисциплина се занимаваат повеќе автори, меѓу кои: Т. Балаќ, Е. Божиновска, Г. Васков, В. Јаков, С. Коруновска-Аџигогова, Н. Милованчев, И. Тошевски и други.

Иако повеќето македонски уметници беа школувани во други академски центри (Белград, Љубљана, Загреб), каде што ги следеа современите светски струења, сепак тие во себе го задржаа интимното од своето поднебје, својата културна историја. Секој од овие уметници е препознатлив по својата линија и боја, а има и свој индивидуален начин на изразување.

## ГРАФИКА

Современата графика во Македонија нема некоја побогата традиција. Таа може да се следи од предвоениот период наваму преку неколкуте графики на Мартиноски, Пандилов и Поповиќ-Цицо. Меѓу овие доајени треба да се спомене и академскиот сликар Борко Лазески со неговите дваесетина изработени линорези и дрворези.

За отпочнување на графичкиот израз во Македонија од посебно значење е формирањето на графичкиот отсек при Училиштето за применета уметност во Скопје во 1948 година, а за што е заслужен загрепскиот сликар, педагог и графичар Душан Кокотовиќ.

Потоа, од шестата деценија наваму, македонската графика бележи нагорна линија. Првата графичка изложба во организација на ДЛУМ е одржана во 1957 година на којашто беа презенетирани делата на шеснаесет автори. Тие се всушност и првите високообразовани графичари коишто своето академско знаење го стекнаа на Академиите во Белград, Загреб и Љубљана. Со својата упорност и денес дејствуваат во нашата средина, едновремено работејќи на усовршување на сопствениот графички израз за да постигнат техничка перфекција во графичките листови. Ги користат следните графички техники: бакропис, акватинта, литографија, комбинирана техника и сито-печат. Оваа генерација на први академски школувани графичари ја сочинуваат: Д. Аврамовски-Гуте, Р. Лозаноски, Д. Протуѓер, Љ. Маринковиќ-Пенкин, М. Спировска, П. Мазев, П. Хаџи Бошков, Б. Барутоски, Б. Георгиевски, Љ. Белогаски, И. Велков и други.

Нивната стилска разновидност се движи кон рудиментирана стилизација, експресивно-архаично поедноставување доближувајќи се до кубистички, надреалистички и апстракни решенија, а оди и до извесно проширување на техниките. Покрај организацијата и учеството на групни и самостојни изложби во Македонија, нашите графичари учествувале и на бројни изложби

*There are numerous artists of the younger generation that deal with this discipline, such as: T. Balach, E. Bozhinovska, G. Vaskov, V. Jakov, S. Korunovska -Adzhigogova, N. Milovanchev, I. Toshevski and many more.*

*Even though most of the Macedonian artists were educated in other academic centers (Belgrade, Ljubljana and Zagreb) where they followed the modern streams of the world, they still kept within them the intimate soul of their homeland and their cultural history. Each of these artists is distinguished by his color and line, and has an individual way of expression.*

## *GRAPHIC ART*

*Modern graphic art has no particularly rich tradition in Macedonia. It can be traced from the pre-war period to today through the graphics of Martinoski, Pandilov and Popovich-Cico. Apart from these doyens, we also have to mention the academic artist Borko Lazeski with his twenty linoleum cuts and woodcuts.*

*The introduction of the graphic art expression in Macedonia is largely due to the setting up of the graphic art section in the school of Applied Arts in Skopje 1948, for which we must give special credit to Dushan Kokotovich, a painter, pedagogue and graphic artist from Zagreb.*

*Later, from the 1960's onward, Macedonian graphic art shows a significant rise. The first graphic art exhibition organized by DLUM was held in 1957, on which were presented the works of sixteen artists. They were actually the first university educated graphic artists who acquired their academic education at the Academies in Belgrade, Zagreb and Ljubljana. With their perseverance, they still work today, while at the same time working on improving their individual graphic art expression in order to achieve technical perfection in graphic art. The graphic art techniques they use include: copper engraving, aquatint, lithography, combined techniques and stencil processing. This first generation of Academy educated graphic artists consists of: D.Avramovski-Gute, R.Lozanovski, D.Protuger, L. Marinkovich-Penkin, M. Spirovska, P. Mazev, P.Hadzhi Boshkov, B.Barutovski, B.Georgievski, L.Belogaski, I.Velkov and others.*

*Their diversity of style evolves into rudimental stylization, expressively-archaic elucidation, coming close to cubistic, surreal and abstract solutions, while at the same time going into an expansion of techniques. Apart from organizing and taking part in group and*

во соседните држави, но и во странство. Значителен импулс дадоа и изложбите на странска графика од коишто можеше да се стекне увид во нив и да се дојде до нови естетски сознанија. Така, во Уметничката галерија, започнувајќи од 1955 година па до денес, беа одржани изложби на: англиска, белгиска, германска, норвешка, американска, кинеска графика и др.

Од 1960 до 1970 година во графичката сфера постои една празнина која пак повторно ќе почне да се обновува од 1970 г. Тогаш се организира првата графичка изложба на ДЛУМ која пак ќе прерасне во традиционална. Првата изложба е организирана во просторот на Уметничката галерија - Скопје, а од 1974 г. почнува да се одржува во Салонот на Универзитетската библиотека "Св. Климент Охридски". Во рамките на овие изложби се востановија и откупни награди. На тој начин Уметничката галерија од година в година го збогатува својот графички фонд.

Иако опадна графичката активност, сепак во овој период се појави и втората генерација академски графичари којашто повторно ќе ја поттикне македонската графика. Тогаш се јавуваат имињата на А. Филиповски, Д. Сотировски, Д. Биков, Т. Крмов, Р. Стуменковски, А. Гавровски, К. Танчев-Динка, Т. Димчевски, Д. Малиданов, Д. Перчинков и Ѓ. Чулаковски-Џото. На графичките изложби се јавуваат и уметници коишто примарно се занимаваат со сликарство како што се: Г. Чемерски, Р. Калчевски, С. Шемов и А. Темкова. Исто така, со графика се јавуваат и нашите скулптори П. Хаџи Бошков, Н. Беќаровски и Д. Попоски-Дада.

Значи, од 1970 година започнува големиот подем на современата македонска графика претставена низ бројни изложби. Така, треба да истакнеме дека во Уметничката галерија се одржаа голем број на индивидуални изложби на нашите најистакнати графичари, и тоа на: Д. Биков, Д. Малиданов, Т. Крмов, Б. Барутовски и др. Тие се претставија и во сега бившите југословенски центри: Белград, Љубљана, Загреб, Нови Сад и др. Оттогаш следуваат многубројни изложби на нашите графичари низ светот каде што добиваат и меѓународни признанија.

Во почетокот на седмата деценија се јавуваат нови имиња кои во современата македонска графика внесуваат современи и разновидни ликовни изрази. Се јавуваат уметници коишто се школувале во странски центри, како што е Д. Николов кој во своите графики негувал една суптилна калиграфичност и постигнувал посебна духовна концентрираност, а работел во бакропис и акватинта; В. Чауле пак ги застапува надреалистичките елементи со асоцијативно-експресионистичка фигурација за подоцна да премине во апстрахирање на формите; Б. Унковска твори надвор од нашите простори (Љубљана), но ја следиме преку самостојни и групни изложби кај нас - нејзините графики

*individual exhibitions in Macedonia, our graphic artists have also taken part in many exhibitions in our neighboring countries, as well as in other countries. A significant impulse was also given by the exhibitions of foreign graphic artists, from which one could learn and gain new aesthetic understanding. So, from 1955 until today the Art Gallery has held exhibitions of English, Belgium, German, Norwegian, American, Chinese other graphic artists.*

*From 1960 to 1970 there's a certain void in the field of graphic art, but from 1970 it begins to develop again. That's the time when DLUM 's first graphic art exhibition was organized and again became traditional. The first exhibition was organized in the Art Gallery - Skopje, while from 1974 the exhibition is held in the salon of the University Library "St. Clement of Ohrid". Purchase awards were set up on these exhibitions and the Art gallery gave contribution with its purchases, with which it enriched its graphic art set year after year.*

*Even though the graphic art activity decreased, still this is a period when the second generation academic graphic artists appeared and again incited the Macedonian graphic arts. Such artists are A.Filipovski, D.Sotirovski, D.Bikov, T.Krmov, R.Stumenkovski, A.Gavrovski, K.Tanchev-Dinka, T.Dimchevski, D.Malidanov, D.Perchinkov and G.Chulakovski-Gjoto. At graphic art exhibitions also take part artists that primarily work with paintings, such as G.Chemerski, R.Kalchevski, S.Shemov and A.Temkova. Some of our sculptors such as P.Hadzhi Boshkov, N.Bekarovski and D.Popovski -Dada also partook at the exhibitions with graphics.*

*In other words, from 1970 we notice the beginning of a significant rise in modern Macedonian graphic art, which was represented through numerous exhibitions. We should also mention that a large number of individual exhibitions of our most eminent graphic artists were held at the Art Gallery (D.Bikov, D.Malidanov, T.Krmov, B.Barutovski and others.) Later they presented their works in the former Yugoslav centers (Belgrade, Ljubljana, Zagreb, and Novi Sad). Then follow numerous exhibitions of our graphic artists throughout the world where they receive international awards.*

*At the beginning of the 1970's some new artists appear who add modern and diverse art expressions to the modern Macedonian graphic art. New artists appear who have been educated abroad. Artists like N.Martinoski, who nurtured a subtle calligraphy and achieved a special kind of spiritual concentration in his works with copper engraving and aquatint; V.Chaule, on the other hand, represents the surrealistic elements with associative-expressionistic figuration, but later moves to*

се одликуваат со претставување на човечкото тело со волуминозност, напнатост во движењето и со хиперреалистички призвук; додека, пак, кај Д. Малиданов, Ѓ. Чулаковски, Т. Крмов и Д. Биков се забележува слободно организирана композиција со нанесување бои со кои се добива напрегнатост во формата.

Одредени уметници (З. Јакимовски, В. Наумовски, Д. Малиданов) на своите геометриски површини внесуваат имагинарни предели, ембрионални форми и симболи на раѓање и умирање; додека други (П. Хаџи Бошков, Н. Беќаровски, Д. Попоски-Дада, В. Георгиевски, З. Јакимовски) формата на предметот ја прикажуваат со волуминозна јадрост и напрегнатост преку светлечки елементи.

На крајот да ја спомeнеме и најмладата генерација графичари коишто успешно чекорат на овој простор, а се дипломци на нашата Ликовна академија. Тоа се пред сѐ членовите на групата "Круг": Д. Томиќ-Радеска, Н. Гештаковска-Цветковска, З. Бужен и З. Карагонов кои ги афирмираат најновите графички истражувања.

Сите овие уметници се одликуваат со стилска разновидност и индивидуални размислувања, но сепак значајно место заземаат и графичките техники низ кои се изразуваат, а тоа се: линорез, акватинта, бакропис, литографија, комбинирана техника и сито-печат. Денес, со техничко-технолошките достигнувања, можностите во графичкото изразување се поголеми. Се напушта црно-белиот контраст, а се дава примат на бојата.

Колекцијата на цртежот и графиката на Уметничката галерија започнува да се гради од 1950 г. за денес нејзиниот фонд да ја достигне бројката од околу 300 дела.

Со овој преглед на делата од колекцијата на цртежот и графиката каде што се изложени едно до две дела од одреден автор, ние всушност не можеме да дадеме целосен пресек на македонскиот цртеж и графика, туку можеме да ги проследиме различните стилски особености на уметниците и нивниот придонес за развитокот на овие ликовни дисциплини, но и да се постигне примарната цел на оваа јубилејна изложба - презентирање на делата од фундусот на Уметничката галерија собирани во изминатите 50 години од постоењето на оваа културна институција.

**Маја Крстевска, кустос**

*abstraction of forms; B.Unkovska works outside of Macedonia (in Ljubljana). We trace her work through independent and group exhibitions here. Her work is distinguished by representing the human body with voluminousness, tenseness in the movements and hyperrealistic undertones; while in the works of D.Malidanov, G.Chulakovski, T.Krmov and D.Bikov we notice a freely organized composition with the use of such colors that give a straining to the form.*

*Certain artists like Z.Jakimovski, V.Naumovski and D.Malidanov add imaginary landscapes, embryonic forms and symbols of birth and death to their geometric surfaces, while others like P.Hadzhi Boshkov, N.Bekaroski, D.Poposki-Dada, V Georgievski and Z.Jakimovski present the form of the object with voluminous essence and tenseness through lighting effects.*

*Finally we should mention the youngest generation graphic artists that are quite successful in this field and are have graduated at our Academy of Visual Arts in Skopje. They are mainly the members of the "Krug" (Circle) group; D.Tomich-Radeska, N.Gashtakovska - Cvetkovska, Z.Buzhen and Z.Karagonov who assert the most recent graphic art experimentation.*

*All these artists are distinguished by their diversity in style and individual ideas, but very important are the graphic art techniques through which they express themselves, and they are: linoleum cuts, aquatint, copper engraving, lithography, combined techniques and stencil processing. Today, with all the technological achievements, the prospects of graphic art expressions are even greater. The black and white contrast is abandoned and colors begin to presominate.*

*The Art Gallery's collection of drawings and graphics has begun to build up since 1950 and today it has at its disposal almost 300 pieces.*

*With this review of the Art Gallery's collection of drawings and graphic art, of which are exhibited one to two works of certain artists, we actually cannot give a complete account of all the Macedonian drawings and graphic art. But we can trace the different styles of the artists and their contribution to the development of these art disciplines. The primary aim of this jubilee exhibition is the presentation of works of art from the Art Gallery's assortment collected in the last 50 years existence of this cultural institution.*

***Maja Krstevska, custodian***

## КАТАЛОГ / ЦРТЕЖ

**1. Димитар ПАНДИЛОВ АВРАМОВСКИ**
Товарење на кола, 1952
туш на хартија, 21,5x32 см.

Волови, 1962
туш на хартија, 41x59,5 см.

Бачило, 1953
туш на хартија, 30x42 см.

**2. Ѓорѓи АЧЕСКИ**
Трескавец, 1958
35x49 см.

Стара архитектура, 1954
туш на хартија, 33x47 см.

**3. Родољуб АНАСТАСОВ**
Човек и простор XC, 1988
туш и молив во боја, 65x100 см.

**4. Тане АТАНАСОВСКИ-ГАРСКИ**
Гарека, 1990
комб. техн. 85x60 см.

**5. Вујка БОЈАРОВА РАДИВОЕВИЌ**
од циклулсот Врачеви и идоли, 1979
комб.техн.во боја, 35x50 см.

**6. Иван ВЕЛКОВ**
Цртеж I, 1980
туш во боја, 100x70 см.

**7. Јордан ГРАБУЛОСКИ**
Акт, 1953
молив на хартија, 24x21 см.

**8. Владимир ГЕОРГИЕВСКИ**
Кавалџија, 1978
цртеж во боја, 70x100 см.

**9. Станко ГЕОРГИЕВ**
Портрет I, 1986
комб. техн. на хартија, 60x80 см.

**10. Ангеле ГАВРОВСКИ**
Мотив од предградие, 1976
цртеж, 70x72 см.

**11. Богдан ГРАБУЛОСКИ-БОНАЧ**
Во внатрешноста, 1984
туш на хартија, 70x50 см.

**12. Божидар ДАМЈАНОВСКИ**
Цртеж-фигури, 1978
комб. техн. 43x67 см.

**13. Кирил ЕФРЕМОВ**
Човек, 1984
молив на хартија, 70x50 см. или

**14. Методија ИВАНОВСКИ-МЕНДЕ**
Селска пошта, 1953
туш на хартија, 20x27 см.

**15. Жарко ЈАКИМОВСКИ**
Цртеж, 1980
молив на хартија, 35x53 см.

**16. Киро КАРАЏА**
Жена,
туш на хартија, 26x16 см.

**17. Димитар КОЧОВСКИ-МИЧО**
Имитација, 1989
комб. техн. 71x50 см.

**18. Рубенс КОРУБИН**
Читање, 1979
туш и сепија, 57x76,5 см.

**19. Никола МАРТИНОСКИ**
Доилка XXIII, 1968
креда во боја на хартија, 55,5x43 см.

Дионизиска сцена, 1959
молив на хартија, 33x30,5 см.

Другари, 1937
молив на хартија, 45x39,4 см.

Свадба I, 1958
молив на хартија, 30x27 см.

**20. Стефан МАНЕВСКИ**
Сув предел, 1984
бајц на хартија, 35x27 см.

**21. Доне МИЛЈАНОВСКИ**
Цртеж II, 1978
туш во боја, 70x70 см.

**22. Зоран МАЛИНОВСКИ**
Природа VIII, 1989
молив во боја на хартија, 100x65 см.

**23. Благоја МАНЕВСКИ**
Хрибла, 1994
молив на хартија, 100x70 см.

**24. Свето МАНЕВ**
од циклусот:
Човек и неговиот простор, 1985
комб. техн. на хартија, 68x76 см.

**25. Кољо МИШЕВ**
Цртеж I, 1991
комб. техн. на хартија, 110x60 см.

**26. Благоја НИКОЛОВСКИ**
Галоп, 1989
јаглен на хартија, 50x70 см.

**27. Василие ПОПОВИЌ-ЦИЦО**
Св.Климент, 1962
тушна хартија, 31x44 см.

Дрво кај манастирот св.Наум, 1946
туш на хартија, 44x31 см.

**28. Илија ПЕНУШЛИСКИ**
Цртеж I, 1978
туш на хартија, 46x39 см.

**29. Васко ТАШКОВСКИ**
Раѓање накаменот, 1982
молив на хартија, 57x76,5 см.

**30. Ана ТЕМКОВА**
Портрет, 1980
лавиран туш, 59,5x41,5 см.

**31. Глигор ЧЕМЕРСКИ**
Цртеж I, 1992
пресован ќумур на хартија, 50x70 см.

**32. Симон ШЕМОВ**
Дете посматра ѕвезди X, 1980
молив во боја, колаж, 64x50 см.

## КАТАЛОГ / ГРАФИКА

**1. Драгутин АВРАМОВСКИ-ГУТЕ**
Коњаник и птици, 1957
дрворез во боја, 50x36 см.

Композиција, 1962
дрворез, 40x30 см.

**2. Божин БАРУТОВСКИ**
Танчери, 1976
сито-печат, боја, 75x64 см.

Дарители на мракот, 1962
дрворез, хартија, 62x46 см.

**3. Насо БЕЌАРОВСКИ**
Орев II, 1983
сито-печат, 70x50 см.

**4. Драган БИКОВ**
Черга, 1980
комбинирана техника, 76,5x56,5 см.

Пурпур, 1991
комбинирана техника, 70x50 см.

**5. Трајче БЛАЖЕВСКИ**
Минато, 1993
етканица, 50x65 см.

**6. Лидија ВУИСИЌ**
Инсерти, 1989
линорез во боја, 70x50 см.

**7. Мирко ВУИСИЌ**
Портрет, 1992
акватинта, 50x70 см.

**8. Владимир ГЕОРГИЕВСКИ**
Кога рибата умира..., 1980
сито, 71x80 см.

9. **Нина ГЕШТАКОВСКА-ЦВЕТКОВСКА**
Тотеми, 1995
монотипија, 100х70 см.

10. **Трајче ДИМЧЕВСКИ**
Графика 887, 1987
сито-печат, 100х70 см.

11. **Александар ИВАНОВСКИ-КАРАДАРЕ**
Погледи I, 1979
сито печат, 82х63 см.

12. **Зоран ЈАКИМОВСКИ**
Игра, 1982
акватинта, мецотинта, 68х54 см.

Оддалечен пејзаж, 1982
комбинирана техника, 68х46 см.

13. **Томислав КРМОВ**
Големиот цвет, 1972
комбинирана техника, 78х60 см.

